**20162104700**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ЖИВИНА И ДИВИ ПТИЦИ, КАКО И ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВИНА И ДИВИ ПТИЦИ ПО ПОТЕКЛО ОД ШВАЈЦАРИЈА

Член 1

Со ова решение се забранува увоз и транзит на живина и диви птици, како и производи и нуспроизводи од живина и диви птици заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија кои потекнуваат од зона во радиус од 30 км од следните езера во Швајцарија:

- Боденско Езеро,
- Женевско Езеро,
- Нешателско Езеро и
- Билско Езеро.

Забраната од став (1) на овој член се применува на месо од живина и диви птици како и производи и нуспроизводи од живина и диви птици за пратки кои се произведени по 5 ноември 2016 година.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-5420/1
22 ноември 2016 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
м-р **Зоран Поповски,** с.р.